**20120441233**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија “ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/2011), министерот за финансии донесе

# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместоците што ги плаќаат договорните органи и економските оператори за користење на Електронскиот систем за јавни набавки.

Член 2

За користење на Електронскиот систем за јавни набавки, договорните органи ги плаќаат следниве надоместоци:

| Вид на услуга | Износ на надоместок по објавен оглас или прилог (без ДДВ) |
|---|---|
| Објавување оглас за јавна набавка за постапка со барање за прибирање на понуди | 600 денари |
| Објавување оглас за јавна набавка за отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и оглас за конкурс за идејно решение | 600 денари |
| Објавување прилог за изменување и дополнување на објавен оглас за јавна набавка | 600 денари |
| Објавување на оглас за воспоставување на квалификациски систем | 6.150 денари |
| Објавување оглас за доделување концесии и јавно приватно партнерство | 6.150 денари |

Член 3

За користење на Електронскиот систем за јавни набавки, договорните органи регистрирани како економски оператори и економските оператори ги плаќаат следниве надоместоци годишно:

| Вид на економски оператор | Услуги | Износ на надоместок за една година (без ДДВ) |
|---|---|---|
| Договорни органи регистрирани како економски оператори<br>Микро трговец<br>Физички лица | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции. | 2.000 денари |
| Мал трговец<br>Среден трговец | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции | 4.000 денари |
| Голем трговец | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции | 8.000 денари |
| Економски оператори од странство | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции | 200 евра |

За секоја дополнителна избрана категорија на набавка договорниот орган и економскиот оператор доплаќа по 2.000 денари, односно 30 евра за економски оператор од странство.

Член 4

Надоместокот за објавување на оглас за јавна набавка за постапка со барање за прибирање на понуди од член 2 од овој тарифник ќе отпочне да се применува од 1 јули 2012 година.

Член 5

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-11115/1
16 март 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.